# СПОГОДБА

за соработка во областа на (трговската) комерцијалната арбитража меѓу Постојаниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија и Трговско-индустриската комора на Руската Федерација

Постојаниот избран суд-Арбитражата при Стопанската комора на Македонија и Трговско-индустриската комора на Руската Федерација, во натамошниот текст "спогодбени страни", со желба да го помогнат развојот на трговско-економската соработка на деловните партнери од двете земји, убедени дека користењето на можностите на арбитражата ќе дозволи создавање на ефективен инструмент за решавање на граѓанско-правните спорови меѓу физичките и правните лица од Република Македонија и од Руската Федерација, кои што можат да настанат во процесот на остварување на билатерални, трговски и други економски врски, вклучувајќи го инвестирањето, се договорија за следното:

Член 1

Спогодбените страни се согласија да препорачаат соодветно на македонските и на руските физички и правни лица што учествуваат во остварувањето на економските и трговските врски меѓу Македонија и Русија, во нивните спогодби да ја внесуваат следната арбитражна клаузула:

"Сите спорови или несогласувања што можат да се појават од постојната спогодба или во врска со неа, подлежат со исклучок на она што подлежи на расправа на општите судови, на решение по арбитражен пат.

Ако во таков спор или несогласување како обвинет се јавува македонско физичко или правно лице, арбитражното разгледување ќе се врши во Постојаниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија во согласност со неговиот Правилник.

Ако во таков спор или несогласување како обвинет се јавува руско физичко или правно лице, арбитражното разгледување ќе се врши во Меѓународниот трговски арбитражен суд при Трговско-индустриската комора на Руската Федерација во согласност со неговиот Правилник.

Решението на арбитражата, донесево во согласност со постојната арбитражна клаузула, е конечно и обврзувачко за двете страни".

Член 2

Спогодбените страни ќе соработуваат меѓу себе во популаризацијата на меѓународната трговска арбитража во својство на универзално средства за решавање на споровите во областа на

трговско-економската соработка, по пат на организирање на конференции, семинари и преземање на други мерки.

Член 3

Спогодбените страни ќе се информираат меѓу себе за законодавството на своите земји во областа на трговската арбитража и за дејноста на соодветните арбитражни центри.

Член 4

Спогодбените страни се согласија за повремени средби за да се разгледуваат сите прашања, врзани со исполнување на постојната Спогодба.

Дневниот ред за средбите ќе се усогласуваат по пат на консултаци меѓу спогодбените страни.

Член 5

Постојната Спогодба стапува на сила со денот на потпишувањето.

Спогодбата може да се раскине со претходно информирање во рок од дванаесет месеци од една од спогодбените страни.

Во случај на прекин на постојната Спогодба сите договорени обврски што ги земаат спогодбените страни до моментот на нејзиниот прекин, ќе бидат исполнети во согласност со одредбите на постојната Спогодба.

Случена во Москва на 28 април 1999 година, во два автентични примерока, на македонски и руски јазик, при што и двата текста имаат еднаква важност.

За Постојаниот избран суд-
Арбитража при Стопанската
комора на Македонија

Проф.Д-р Александар Николовски

За Трговско-индустриската
комора на Руската Федерација

С.С.Беднов